Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
## од Осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 јануари 2022 година

Скопје, јануари 2022 година

**З А П И С Н И К**
**од Осмата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 28 јануари 2022 година**

Седницата започна во 14:50 часот.

На седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Владата на Република Северна Македонија, како и д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, членовите на Владата, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, доц. д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваше и д-р Христина Оџаклиевска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата не учествуваа, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за определување највисоки цени на основни прехранбени производи во трговијата на големо и трговијата на мало

2. Информација за Програмата на економски реформи 2022 - 2024 година

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за определување на највисоки цени на одделни производи во трговијата на големо и трговијата на мало, во предложениот текст.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за Програмата на економски реформи 2022 - 2024 година и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Условно го прифати текстот на Програмата на економски реформи 2022 - 2024 година, доколку Секретаријатот за европски прашања достави позитивно мислење по истата.

2. Се задолжува д-р Фатмир Бесими, министер за финансии да ја достави Програмата на економски реформи 2022 - 2024 до Европската комисија, до 31 јануари 2022 година.

**Точка 3**

**1.** Владата го разреши Сенад Амети од должноста вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за локална самоуправа, орган во состав на Министерството за локална самоуправа, на негово барање.

1.1. Владата го именува Африм Ќоку за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за локална самоуправа, орган во состав на Министерството за локална самоуправа и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**Точка 4**

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

*

*         *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 14:55 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **Мухамед Зеќири** | **д-р Димитар Ковачевски** |